ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП
КО.бр.255/13-III
15.09.2016 година, Штип

Врз основа на чл.288 ст.1 од ЗКП , донесувам:

РЕШЕНИЕ

СЕ ОТФРЛА кривичната пријава поднесена Владислав Михаилович Втулкин од Москва против Ристе Љуботенски, Верица Љуботенска двајцата од Штип и против НН сторител за кривично дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.4 в.в ст.1, "Фалсификување на исправа" од чл.378 ст.1 в.в чл.379 ст.1 т.1,2 и 5 и "Измама" од чл.247 ст.4 в.в ст.1 од КЗ затоа што пријавените дела не се кривични дела за кое се гони по службена должност.

Образложение

До Основното јавно обвинителство во Штип, поднесена е кривична пријава од страна на Владислав Михаилович Втулкин од Москва, Руска Федерација преку полномошник адв.Ненад Јаникевиќ против Ристе Љуботенски, Верица Љуботенска двајцата од Штип и против НН сторител за кривично дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.4 в.в ст.1 , "Фалсификување на исправа" од чл.378 ст.1 в.в чл.379 ст.1 т.1,2 и 5 и "Измама" од чл.247 ст.4 в.в ст.1 од КЗ.

Во кривичната пријава се наведува дека на точно неутврдени датуми почнувајќи од месец ноември 2004 година, првопријавениот како сопственик и управител на ДООЕЛ ИМАКО и сопственик на ДООЕЛ ИМАКО ВИНО а второпријавената како управител на ДООЕЛ ИМАКО ВИНО со намера за себе и за друг да прибават противправна имотна корист го довеле и држеле во заблуда оштетениот Владислав Михаилович Втулкин, со лажно прикажување и со прикривање на факти дека истиот согласно претходно склучен Договор за деловно техничка соработка од 13.11.2004 година, меѓу него и сопственикот на двата правни субјекти-друштвата ДООЕЛ ИМАКО и ДООЕЛ ИМАКО ВИНО- првопријавениот Ристе Љуботенски, го навеле да презема дејствија на штета на својот имот, незнаејќи дека првопријавениот спротивно на договореното го зголемил својот влог во друштвото така да неговиот влог изнесува 51 % во основната главнина на друштвото наспроти влогот на оштетениот 49 % во основната главнина на друштвото со што сториле кривично дело "Измама" од чл.247 ст.4 в.в ст.1 од КЗ. Исто така, наведено е дека пријавените ја злоупотребиле својата службена положба и овластување преземајќи противправни дејствија како одговорни лица во правните лица ДОО ИМАКО и Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ на начин што на 14.11.2005 година изготвиле одлука за промена на назив фирмата на Друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ВИНО увоз-извоз ДООЕЛ Штип во Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип,преку фалсификување на потписот на оштетениот на одлуката, и искористувајќи го отсуството на оштетениот во текот на 2007 година и без негово знаење и согласност како содружник со сопственички удел од 49% во ДОО ИМАКО, кое друштво е основач и единствен содружник на друштвото Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ, извршиле пренос на уделот на единствениот содружник друштвото ДОО ИМАКО врз Ристе Љуботенски со што истиот станал единствен содружник во Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ со што на оштетениот му била

Екр. 1 реш
15.09.16

причинета штета, која се должи на направените вложувања во опрема за потребите на друштвата, која била плаќана на странските добавувачи од оштетениот,при што претрпената штета е од значителна вредност и го надминува износот од 683.341,00 евра за платена опрема од оштетениот Владимир Втулкин.

Од кривичната пријава од прилозите кон истата дополнително прибавените податоци и спроведеното економско финансиско вештачење, се утврди следното:

На ден 13.11.2004 година во Штип склучен е „Договор за деловно техничка и финансиска соработка"помеѓу Владислав Втулкин од Москва (прва договорна страна) и Ристе Љуботенски од Штип (втора договорна страна).Предмет на договорот е деловно техничка и финансиска соработка во производство и промет со грозје и вино.
Во член 1 од договорот е наведено:
"Втората договорна страна располага со капитал во кој се сметаат обртните парични средства,визба во м.в 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза сопственост на ДООЕЛ „Имако" и ДООЕЛ „Имако Вино" и истата се согласува првата договорна страна да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза."

Во член 2 од договорот е наведено:"Првата договорна страна се согласува да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в -6 ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза и во исто време се обврзува да ги превземе сите обврски како содружник кои му припаѓаат по ЗТД". Договорот е заверен од страна на Нотар Ленче Каранфиловска Штип под УЗП број 5958/04 од 13.11.2004 година. Во Договорот не е предвидена висината на паричните средства како противвредност на 50% од вредноста на капиталот кој Владислав Втулкин треба да ги исплати на втората договорна страна.

На ден 18.11.2014 година донесена е „Одлука за пристапување на содружник",заверена со архивиски број 49-04, врз основа на која кон друштвото Имако ДООЕЛ Штип пристапува содружникот Владислав Втулкин од Москва. Според член 2 од Одлуката, со пристапувањето кон друштвото содружникот Владимир Втулкин внесува паричен влог од 153.250,00 денари или 2.500 евра со што се стекнува со право на сопственост на 49% од основната главина на друштвото. На ден 18.11.2004 година донесена е „Одлука за усогласување со одредбите од ЗТД", потпишана од содружниците Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин, според која поради пристапување на содружник кон друштвото Имако ДООЕЛ извршена е преорганизација на друштвото во друштво со ограничена одговорност односно „Имако" ДОО. На ден 18.11.2004 година склучен е „Договор за основање на ДОО". Според член 3 од договорот, Содружници на „Имако" ДОО Штип се Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин. Во член 8 од договорот е наведено дека основната главнина на друштвото изнесува 5.100 евра односно 312.400,00 денари. Содружниците учествуваат со однос 51 % : 49 % на нивниот основачки влог во вкупната основна главнина на друштвото, односно содружникот Ристе Љуботенски во друштвото учествува со 51% во вкупниот основачки влог, односно со износ од 2.600 Евра или денарска противвредност од 159.380,00 денари а содружникот Владислав Втулкин во друштвото учествува со 49% во вкуниот основачки влог, односно со износ од 2.500 евра или денарска протввредност од 153.250,00 денари. На ден 02.12.2004 година содружникот Владислав Втулкин уплатил износ од 2.490 евра од кои 2.475 евра Стопанска банка

префрла на сметка на Имако ДООЕЛ Штип, разликата е по основ на банкарска провизија. Во опис на трансакцијата е наведено „Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004".

Пред пристапувањето на оштетениот како содружник во друштвата на пријавениот Ристе Љуботенски не е направена проценка на вредноста на капиталот на друштвата кон кои треба да пристапи како содружник, а Според Билансот на состојба за 2003 година, како година која претходи на Одлуката на пристапување на содружникот Втукин, книговодствената вредност на капиталот на друштвото на Имако ДОО Штип, со ЕМБС 4805178, и тоа вкупната актива изнесувала 83.632.799,00 денари, долгорочните и краткорочните обврски изнесувале 81.271.504,00 и сметководствена вредност на капитал и резерви е утврдена на 2.361.295,00 денари.

Во Договорот за основање на друштвото Имако ДОО Штип предвидено е износот на основачкиот влог на содружниците во вкупен износ од 5.100 Евра (2.600 Р.Љуботенски, 2.500 В.Втулкин), додека други финансиски обврски во смисла на тоа колку капитал или дополнителни средства треба да бидат внесени од содружниците, не се предвидени.

Од прибавените докази и од направените проверки во Централниот регистар при кој се води Трговскиот регистар во кој е запишано друштвото ИМАКО ДОО, и од увидот во списите од регистарската влошка, како и од Историјатот на промени на ова друштво, се утврди дека во временскиот период од 13.11.2004 година кога бил склучен Договорот за деловно техничка соработка и пристапувањето на оштетениот-пријавителот како содружник во ДОО ИМАКО, па до моментот на иницирање на граѓанска постапка со поднесување на тужба за надомест на штета пред Основен суд Штип и поднесувањето на кривичната пријава во текот на 2013 година, односно за временскиот период од 9-девет години, оштетениот–пријавителот Владимир Втулкин нема преземено никакви формално-правни дејствија за заштита на неговите содружнички права во ДОО ИМАКО, а кои произлегуваат од содружничкиот однос и сопственичкиот удел кој го поседува како и од вложувањата кои тврди дека ги има направено во друштвата на првопријавениот Ристе Љуботенски, ако се има предвид дека неговото пристапување во ДОО ИМАКО е извршено со упис на промена во Трговскиот регистар во текот на 2005 година а уписот на промени во Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ е направен во текот на 2007 година.

Од спроведеното графолошко вештачење на оригинални документи за упис во Трговскиот регистар кој го води Централниот регистар на РМ, од добиениот Извештај од анализа СД-163/2016 на МВР БЈБ ОКТИВ Скопје по издадена наредба КО бр.255/13-II од 16.01.2016 година согласно напатствијата содржани во Решението КОЖ бр.279/15 од 11.12.2015 година на Вишото јавно обвинителство Штип, се утврди дека во Договорот за основање на ДОО склучен на 18.11.2004 година помеѓу Ристе Љуботенски од Штип и Втулкин Михаилович Владислав од Москва, Русија содружници на друштвото за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип не се утврдени траги кои укажуваат на бришење или преправање на содржината која се однесува на соодносот на влогови на содружниците во Друштвото соодносот од 51 :49 % . Од анализата на Одлуката за пристапување на содружник бр.49-04 од 18.11.2004 година донесена од постојниот содружник во ДООЕЛ Имако Штип, Ристе Љуботенски и содружникот кој пристапува Втулкин Михаилович Владислав во чл.2, не се утврдени траги кои укажуваат на бришење или преправање на содржина која се однесува на соодносот на влогот на содружникот во Друштвото.

Во врска со делот од издадената наредба за вештачење кој се однесува на потписите на подносителот на пријавата, содружникот Втулкин Михаилович Владислав на Договорот за основање на ДОО склучен на 18.11.2004 година и на Одлуката за пристапување на содружник бр.49-04 од 18.11.2004 година од вештите лица при Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења при МВР Скопје добиено е известување дека по однос на утврдувањето на фактот дали потписите на содружникот Втулкин Михаилович Владислав на овие документи се идентични со неговиот потпис, потребно е негова страна да се достават 10-десет неспорни слободни скратени потписи напишани на разни документи (договори, одлуки, барања, молби,фактури, испратници и др.) при што истите да датираат од периодот 2004-2005 година и да бидат доставени во оригинал и дека доставениот неспорен материјал за компарирање (ракопис и потписи напишани по диктат на 12 листови од бела хартија) не се доволни за спроведување на идентификациона постапка. Со службена белешка за извршен телефонски разговор со лице од страна на полициски службеници при СВР Штип известени сме дека по добивање на вештачењето од страна на ОКТИВ, од нивна страна е направен контакт со полномошникот на пријавителот – адвокат Ненад Јаниќевиќ и тоа на 28.01.2016 година, 03.02.2016 година, 15.02.2016 година, 24.02.2016 година и на 19.04.2016 година заради обезбедување на потребна документација од пријавителот Втулкин Михаилович Владислав за компарирање меѓутоа и покрај бројните обиди од страна на пријавителот не е обезбедена бараната документација за целосно спроведување на на вештачењето согласно издадената наредба.

Од наводите во кривичната пријава на страна 2 може да се констатира дека подносителот на пријавата воопшто не го спори неговиот потпис на Договорот за основање на ДОО склучен на 18.11.2004 година туку за истиот спорна е содржината на договорот конкретно процентуалниот сооднос на влоговите на содружниците за кој наведува дека со коректор го избришал и со машина за пишување пополнил износ кој значи помал влог на оштетениот. Во овој дел од спроведената анализа и вештачење се утврди дека нема никакви промени кои укажуваат на бришење или преправање на соодносот од 51 : 49 % ниту пак промени во делот на чл.5 од Договорот кој се однесува на вметнатите дополнителни дејности.

Од увидот во доставените регистарски влошки на двете друштва ДОО ИМАКО и Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ, видно е дека за извршените спорни уписи на промени пријавителот како содружник нема покренувано граѓанска постапка пред суд за утврдување на ништовност на спорните уписи, бидејќи такви промени во Историјатите за промени на двете друштва нема.

По однос на тврдењето на оштетениот Владислав Втулкин за направени вложувања од значителен обем во друштвата сопственост на пријавените преку плаќања за опрема набавена за потребите на двете друштва ДОО ИМАКО и Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ, преку наводно извршени уплати од фирми од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин на исто така странски фирми ПИМ ХАсково Бугарија и ДЕЛЛА ТОФОЛА Италија од кои е набавувана опрема, во вештиот наод и мислење утврдено е дека во однос на фирмата ПИМ Хасково, според податоците од доставената сметководствена документазија и евиденција на Имако Штип, во Наодот е констатирано дека Имако Штип има извршено плаќање кон ПИМ Бугарија во 2004 година, износ од 46.566.707,50 денари и во 2005 година износ од 14.587.490,00 денари или вкупно платени средства во износ од 61.154.197,00 денари (46.566.707,50+14.587.490,00). Во однос на набавката на опрема од ПИМ Бугарија,

евидентирани се во аналитички картици, фактури во Имако Штип во износ од 69.648.930,00 денари и во Имако Вино ДООЕЛ Штип во износ од 18.714.603,50 денари или вкупно евидентирани фактури во двете фирми во износ од 88.363.533,00 денари.

Во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Хасково Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин, на вештачењето се побарани банкарски изводи за извршени плаќања меѓутоа документација за извршени плаќања од страна на лицето Владислав Втулкин не е доставена на увид, додека според книговодствената евиденција на Имако Штип, вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154197,00 денари или околу 999.000 евра.

На вештачењето од страна на пријавениот Ристе Љуботенски бил даден на увид Допис од ПИМ Хасково Бугарија испратен до „Имако Вино " Штип, во кој се наведува дека во врска со договорите за доставување на опрема за производство на вино со „Имако Вино" Штип за период од 2003-2008 година, ПИМ Бугарија нема добиено девизни преноси од страна на Владислав Втулкин во својство на индивидуално приватно лице. Дописите од ПИМ Хасково Бугарија доставени и од оштетениот Владислав Втулкин во прилог на поднесената пријава и од пријавениот Ристе Љуботенски на самото вештачење, од страна на вештите лица не се земени предвид бидејќи истите не преставуваат финансиски докази за плаќање според општо прифатените сметководствени стандарди.

Од страна на вештите лица испитани се релацијата, поврзаноста и деловните односи помеѓу фирмата ДЕЛЛА ТОФОЛА од Тревизо Италија со Владислав Втулкин и ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, како и наведените банкарските трансакции во потврдата издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА од 19.11.2007 година која е доставена до ОЈО Штип од страна на пријавителот – оштетениот Владислав Втулкин со кривичната пријава при што во вештиот наод и мислење е констатирано дека во потврдата која е издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА на 19.11.2007 година за Владислав Втулкин е наведено дека со тој документ ДЕЛЛА ТОФОЛА потврдува банкарски трансфери извршени од страна на Владислав Втуклин во износ од 797.153 евра меѓутоа банкарски изводи ниту други валидни финансиски докази за овие трансфери не се доставени на увид за да се утврди дали навистина овие средства се исплатени кон ДЕЛЛА ТОФОЛА од оштетениот Владислав Втулкин, а од друга страна на вештачењето од пријавениот Ристе Љуботенски доставен е Допис од ДЕЛЛА ТОФОЛА Италија, со датум 20.01.2015 година и со наслов „До сите заинтересирани страни", во кој е наведено дека според сметководството на ДЕЛЛА ТОФОЛА на ден 20.01.2015 година нема побарувања од купувачите Винарија Имако Вино ДООЕЛ и Имако ДОО и дека во нивна корист никогаш нема примено трансфер или пари од индивидуални лица, така што и овие два дописи поединечно доставени од двете страни пријавител и пријавен немаат доказна вредност во отсуство на било каков финансиски валиден доказ со кој би се потврдила трансакцијата односно плаќањето.

Од извршената анализа на поврзаноста на остварените односи помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ со друштвата од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин, се утврди дека помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ и друштвата Моро Русија, БМБ Хандел Германија и Сојуз Вино Русија- сите во сопственост на оштетениот Владислав Втулкин, постоеле воспоставени деловни односи за периодот од 2003 до 2008 година и за секоја фирма поединечно е даден посебен преглед по години на извршени плаќања по основ, задолжување и плаќање, па од анализата на истите неспорно произлегува должничко доверителски однос на двете страни.

Во тој контекст ако се анализираат деловните односи со фирмата МОРО од Русија произлегува дека истата има долг спрема друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ за испорачано вино за наведениот период, потоа од анализата на деловните односи со фирмата БМБ ХАНДЕЛ од Германија произлегува дека фирмата Имако Вино ДООЕЛ Штип и долгува по основ на ненаплатено побарување износ од 2.737.824,00 денари, додека од анализата на деловниот однос со фирмата СОЈУЗ ВИНО од Русија произлегува долг на истата кон Имако Вино ДООЕЛ Штип во износ од 96.795.191,00 денари. За наведените деловни односи нема податоци дали меѓусебните побарувања меѓу инволвираните страни се утужени.

Освен уплатениот износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип од страна на лицето Вадислав Втулкин со опис на трансакција „Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004", докази за други вложувања не се доставени. Консеквентни вложувања во друштвото од значителен обем според доставената документација не се евидентирани па поради тоа не постои обврска за зголемување на основната главнина на друштвото.

Од увидот во Тековната состојба издадена на 17.04.2014 година од Централниот регистар за друштвото ИМАКО ДОО се утврди дека како сопственик на удел од 49 % од основната главнина е запишан Владислав Михаилович Втулкин, што значи дека неговиот удел во ова друштво не преминал врз првопријавениот Ристе Љуботенски, додека Ристе Љуботенски е сопственик на удел од 51 % од основната главнина на друштвото.

Во оваа смисла треба да се направи дистинкција меѓу уделот што оштетениот Владислав Михаилович Втулкин го има во ДОО ИМАКО, и уделот што ДОО ИМАКО како правно лице-основач го има во Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ. За пренос на удел, во основната главнина на ДОО ИМАКО мора најпрвин да биде доставена понуда од едниот до другиот содружник без разлика на големината на нивните удели, согласно одредбите од член 197 и 198 од Законот за трговски друштва, додека за пренос на удел, во друштвото Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ, кое е основано од едно лице односно ДОО ИМАКО како единствен содружник, правното лице кое е единствен содружник располага и го пренесува својот удел, согласно претходно донесена одлука од Собирот на содружници кој го сочинуваат двајцата содружници Ристе Љуботенски со удел од 51 % и Владислав Втулкин со удел од 49 %, а по претходно утврдена постапка пропишана во одредбите од чл.213,214 и 215 од Законот за трговски друштва кои го пропишуваат начинот на свикување, одлучување и надлежностите на Собирот на содружници во ДОО.

Согласно чл.42 од Законот за трговски друштва, ако орган на трговското друштво повреди право на содружниците, односно на акционерите кое што произлегува од содружништвото, секој содружник, односно акционер може да бара заштита на тоа право пред суд што е надлежен според Законот за судовите.

Согласно чл.225 ст.1 од ЗТД, со тужба може да се бара утврдување на ништовност на одлука донесена на собирот на содружници, односно на одлука донесена со одлучување преку допишување, ако: 1) собирот на содружниците на којшто е донесена одлуката не е свикан во согласност со законот и со договорот за друштвото, односно ако на собирот не биле уредно повикани сите содружници на друштвото, освен во случајот од членот 217 став (2) на овој закон; 2) одлуката не е донесена на начин и во форма определени со овој закон или со договорот за друштвото и 3) содржината на одлуката е спротивна на закон, на добрите деловни обичаи или на одредбите на договорот за друштвото.

Од вака преземените дејствија и направени промени во Трговскиот регистар во Винарска визба Имако Вино Дооел Штип не се утврди постоење на штетни последици за содружничкиот однос на Владислав Втулкин во друштвото ДОО Имако Штип, од причина што во Билансите на состојба за 2004,2005,2006 и 2007 година на Имако ДОО, нема искажано податоци по основ на долгорочни финансиски вложувања односно не е евидентиран уделот на „Имако "ДОО во „Имако Вино" ДООЕЛ, потоа од финансиските показатели на друштвата, констатација е дека од 2007 година Имако ДОО нема деловна дејност, додека друштвото„ Имако Вино" ДООЕЛ од 2007 година остварува приходи од дејноста за која е основано, а за периодот додека „Имако" ДОО е содружник на „Имако Вино" според податоците во Билансот на состојбата не се вршени исплати од добивката како приходи на основачите и по овој основ нема штетни последици за содружникот Владислав Втулкин. Од 2007 година во „Имако" ДОО каде Владислав Втулкин е содружник не е вршена деловна дејност, не се остварени приходи односно искажана е загуба во работењето. Исто така од пристапувањето на Владислав Втулкин во „Имако" ДОО не се вршени исплати по основ на дивиденди од остварена добивка на содружниците.

Оттука, произлегува дека суштината на конкретно преземените дејствија од пријавените не опфаќа дејствија со кои тие ја злоупотребиле службената положба туку претставува однос од граѓанско правна природа, за чие разрешување во тек се повеќе постапки меѓу пријавениот Ристе Љуботенски и оштетениот Владимир Втулкин кои се водат пред Основниот суд Штип видно од извршениот увид во списите на граѓанските предмети П4-834/13 односно П4-40/14 по тужба на оштетениот Владимир Втулкин за надомест на штета по која е донесена првостепена пресуда П4 бр.40/14 од 30.01.2015 година која со пресуда ГЖ-535-15 од 13.10.2015 година е укината и вратена на повторно судење и П4-783/13 по тужба на пријавениот Ристе Љуботенски за ништовност на договор пред Основен суд Штип.

Согласно одребата од чл. 353 ст. 1 од КЗ кривичното дело го врши службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета. Конститутивен елемент на делото е постоењето на штета или прибавена корист за себе или за друг, како резултат на преземените дејствија на злоупотреба на службената положба. Во конкретниот случај не се утврди постоење на штета на страна на пријавителот- оштетениот Владимир Втулкин и износ на истата, ниту пак прибавена противправна имотна корист од страна на пријавените.

Наводите за сторено кривично дело "Измама" од чл.247 ст.4 в.в ст.1 од КЗ, се утврдија како неосновани ако се има предвид дека оштетениот Владислав Михаилович Втулкин, не бил доведен и држан во заблуда од пријавените, бил свесен и знаел што потпишува во моментот кога се извршени промените во друштвото ИМАКО ДООЕЛ а подоцна со неговото пристапување како содружник-ИМАКО ДОО, во кое тој влегол како содружник односно сопственик на удел од 49% од основната главнина на друштвото во текот на ноември 2004 година, кога има внесено паричен влог во износ од 2.475,00 евракој е во висина на неговиот удел од 49 %, и вака извршената промена на сопственичката структура во Трговскиот регистар, била направена врз основа на уредно изготвена и приложена документација а во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва Сл.весник на РМ бр.28/04 од 30.04.2004 година кои факти се наоѓаат своја поткрепа во прибавените материјални докази како и од спроведеното графолошко вештачење со кое со сигурност се утврди дека во Договор за основање на ДОО склучен на 18.11.2004 година помеѓу Ристе Љуботенски од Штип и Втулкин

Михаилович Владислав од Москва, Русија содружници на друштвото за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип не се правени никакви промени ниту бришење или додавање на текст со машина за пишување како што тоа го истакнува подносителот на пријавата во наводите од кривичната пријава со што се отстранува било какво сомневање за доведување во заблуда на содружникот Владислав Втулкин.

Од исказот на сведокот Софија Нацева адвокат од Скопје, која во периодот до 31.12.2004 година го застапувала друштвото ДООЕЛ ИМАКО на пријавениот Ристе Љуботенски, се утврди дека постоел меѓусебен договор за деловно техничка соработка меѓу фирмите на пријавениот Ристе Љуботенски и фирмите на оштетениот Владимир Втулкин- кој сведокот во исказот го именува како деловен соработник на пријавениот од Русија, а дека согласно постигнатиот договор било предвидено меѓусебната соработка на фирмите да се зајакне, и договорено било да се направи проценка на вредноста на капиталот што пријавениот Ристе Љуботенски го има вложено во друштвото "ИМАКО" па откако ќе биде утврдена вредноста партнерот од Русија да исплати 50 % од вредноста на утврдениот капитал, и со тоа да влезе со 49 % учество во друштвото ИМАКО додека пријавениот Ристе Љуботенски да влезе со 49 % учество во фирмите што партнерот ги има во Русија. Сведокот потврди дека овие факти му се познати, бидејќи лично ја има технички изготвено потребната документација за пристапување на содружник и упис на соодветна промена во тогаш ДООЕЛ ИМАКО а подоцна ДОО ИМАКО и дека изготвените документи биле лично и своерачно потпишани од двајцата содружници Ристе Љуботенски и Владимир Втулкин и заверени кај нотар.

Од содржината на договорот за деловно техничка соработка склучен на 13.11.2004 година меѓу Ристе Љуботенски и Владислав Михаилович Втулкин, се утврди дека во истиот, декларативно е манифестирана волјата на двете договорни странки,изразена во форма на подготвеност за идна деловно техничка соработка и вложување во постојниот капитал на друштвата кои ги поседува пријавениот Ристе Љуботенски, меѓутоа не може да се утврди во кое друштво од двете друштва ИМАКО ДООЕЛ и ИМАКО ВИНО ДООЕЛ сопственост на пријавениот Ристе Љуботенски, требало да пристапи пријавителот оштетениот Владислав Втулкин како содружник бидејќи во чл.2 од Договорот стои дека првата договорна страна-пријавителот Владислав Втулкин требало да пристапи како содружник со 50 % од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в "6-ти километар" како и земјиште на кое е изградена и на кое се врши одгледување на винова лоза.

Во конкретниот случај, се утврди дека не е пристапено кон фактичка реализација на овој договор, во смисла на изготвување на проценка на вредноста на капиталот на друштвата ИМАКО ДООЕЛ Штип и ИМАКО ВИНО ДООЕЛ, во периодот на склучување на договорот за деловно техничка соработка во 2004 година, ниту пак постои детална разработка на динамиката и начинот на кој ќе се одвива инвестирањето – вложувањето од страна на пријавителот-оштетениот Владислав Втулкин и согласно тоа да е изготвен формално правен акт-основачки акт каков што пропишува Законот за трговски друштва за основање или пристапување на содружник во друштво а овој договор не е основачки акт на Друштвото за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип со кој истото е запишано во Трговскиот регистар туку тоа е направено со Договор за основање на ДОО ИМАКО склучен на 18.11.2004 година .

Од доставената финансиска и документацијата од извршените промени и увидот во списите кои се наоѓаат во регистарските влошки од Трговскиот регистар, се утврди дека освен уплатениот износ од 2.475,00 евра како основачки влог уплатен од страна на пријавителот Владислав Втулкин во основната главнина на друштвото ИМАКО ДОО, друг доказ за вложувања во било кое од двете друштва сопственост на првопријавениот Ристе Љуботенски, од страна на оштетениот нема, кој факт се утврди и од увидот во финансиско сметководственото работење на двете друштва – ДОО ИМАКО и ДООЕЛ ИМАКО ВИНО како и од даденият вешт наод и мислење на тим од вешти лица при Бирото за судски вештачења.

Во врска наводите за претрпена штета како резултат на направените вложувања од оштетениот во опрема за друштвата на пријавениот, Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002 , 32/2003, 81/2008,в 24/2011 и 135/2011) го пропишува и регулира начинот на кој се одвиваат капиталните трансакции во кои се опфатени и директните инвестиции од нерезиденти што во случајот е оштетениот-пријавителот, при што единствен валиден и основен доказ кога странска инвестиција се реализира во пари е трансферот на парите да е извршен преку банка на пропишаните обрасци од Народната банка на Република Македонија – за нерезиденти кои пријавуваат директна инвестиција во Република Македонија.

Ваков валиден доказ за реализација на инвестицијата односно вложувањето од страна на пријавителот-оштетениот Владислав Михаилович Втулкин како нерезидент кој тврди дека има реализирано капитална трансакција-инвестиција во Република Македонија, не е доставен ниту пријавен, кој факт се утврди од извршените проверки и доставениот Посебен извештај бр.17-1070/1 од 04.06.2014 година на Управата за финансиска полиција, како и од спроведеното економско финансиско вештачење од тим на вешти лица при Бирото за судски вештачења Скопје и даденият наод во истото.

Од сите напред наведени причини се утврди дека пријавените Ристе Љуботенски и Верица Љуботенска немаат преземено дејствија со кои го држеле во заблуда оштетениот или со кои лажно прикажувале факти со што го навеле оштетениот да презема дејствија на штета на својот имот, ако се има предвид фактот дека оштетениот нема вршено никакви финансиски трансакции од негова сметка а во корист на друштвата кои се сопственост на првопријавениот Ристе Љуботенски, а со тоа да им овозможил на пријавените да се стекнат со противправна имотна корист.

Од напред наведеното се утврди дека во дејствијата на пријавените не се содржани елементите на кривичните дела "Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.4 в.в ст.1, "Фалсификување на исправа" од чл.378 ст.1 в.в чл.379 ст.1 т.1,2 и 5 и "Измама" од чл.247 ст.4 в.в ст.1 од КЗ ниту елементи на друго кривично дело за кое се гони по службена должност поради што се одлучи како во изреката на решението.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
Билјана Тошева Анакиева

ПОУКА: Против ова решение оштетениот има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото, преку ова основно обвинителство до Вишото јавно обвинителство.

Еден примерок од решението да се достави до:

- Оштетен Владимир Михаилович Втулкин од Москва, Р.Федерација, со адреса престој Rheinallee 140, Düsseldorf, Deutschland преку полномошник, адв.Ненад Јаниќевиќ од Скопје, Бул."Кочо Рацин" бр.38-1/5